1799

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
17. IX. 1966

**Ликовна соработка Штип – Битола**

# ШТИПСКИ СЛИКАРИ ИЗЛАГААТ ВО БИТОЛА

**■ Во галеријата „Моша Пијаде" излагаат 6 сликари од Штип и двајца припадници на ЈНА**

**БИТОЛА, 17 СЕПТЕМВРИ. — Осум ликовни уметници од Штип завчера ги презентираа во ликовната галерија „Моша Пијаде" во Битола своите последни остварувања. Изложбата е организирана во рамките на традиционалната соработка меѓу ликовните уметници од двата града.**

Иницијативата за обединување на сликарите од Штип, Битола и Куманово во една постојана годишна изложба на која ги изложуваат своите годинешни остварувања, уметниците од овие три града, има реални услови да се реализира. Тоа е убав потег на младите уметници кои ги освоија симпатизерите на штипската културна јавност.

**На изложбата во Битола излагаат: Драган Биков, Павле Георгиевски, Ширил Ефремов, Томислав Крмов, Гоце Стојановски Иван Сулевски и војниците Миливое Новаковиќ и Перо Јелитиќ.**

Изложените слики се примени со интересирање од публиката и мнозумина битолски уметници најпофално се изразија за своите штипски колеги за кои наведуваат дека многу напредонале.

Посебно интересирање публиката покажа за делата на Ширил Ефремов („Земјотрес" — масло), Драган Биков („Корида" — масло), Гоце Стојановски („Дебела сенка") и сликата на војникот Новаковиќ („Возење со чамец").

Ц. А.